Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

# Н А Ц Р Т - З А П И С Н И К

од Третата седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество
одржана на 18.6.2025 година

Скопје, јуни 2025 година

# З А П И С Н И К

од Третата седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество,
одржана на 18.6.2025 година

Седницата започна во 10:00 часот.

Со седницата претседаваше претседателката на Советот, Никица Кусиникова-Здружение Конект Скопје.

На седницата присуствуваа членовите: Лидија Најдова-Нинeвска-Министерство за внатрешни работи, Бојана Босилкова-Министерство за правда, Суеда Бајрами- Министерство за односи меѓу заедниците, Даница Насова Иванова-Министерство за европски прашања, Елизабета Поп-Ангелова-Министерство за економија и труд, Снежана Ристовска-Министерство за култура и туризам, Оливера Јакшиќ Транталовска-Министерство за дигитална трансформација, Валентина Величковска- Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје, Дарко Аврамовски-Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“, Маја Атанасова-Македонско здружение на млади правници- МЗМП, Скопје, Моника Илиоска Кантарџиоска-Коалиција на младински организации СЕГА, Прилеп, Сузана Стојановска-Здружение на рехабилитација и инклузија на лица со даунов синдром Дневен центар Доза Среќа, Скопје, Мартина Иљаз-Здружение Иницијатива за економски развој на Ромите РЕДИ, Скопје, Андреј Сених-Здружение за поддршка на луѓето кои живеат со ХИВ-Заедно посилни, Скопје, Ахмет Јашаровски-Центар за ромска заедница ДРОМ, Куманово и Драгица Вучковиќ -Здружение за заштита на околината и дрвото Екодрводекор, Битола.

На седницата не присуствуваа членовите на Советот или нивните заменици: Ангелина Јакимовска или Оливера Маркоска Ивановски-Министерство за финансии, Бесник Бајрами или Јелена Арсова-Министерство за здравство, Весна Виќњевиќ или Александра Анчева-Министерство за образование и наука, Шпреса Саиди или Александра Крстеска Ангеловска-Министерство за социјална политика, демографија и млади, Стефан Вангелски или Александра Куновска-Министерство за локална самоуправа, Лендита Дика или Мисрете Едипи-Министерство за животна средина и просторно планирање, Симонида Кацарска или Беба Жагар-Институт за европска политика, Скопје, Теа Зографска или Мартина Станковиќ-Сојуз-Национален совет за родова рамноправност, Скопје, Емилиа Ѓероска или Рубин Николоски-Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси ПРО Локал Битола и Бардил Јашари или Данче Даниловска Бајдевска-Фондација за интернет и општество Метаморфозис, Скопје.

На седницата на Советот присуствуваа и претставници на Генералниот секретаријат: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Весна Тасевска и Миа Деспотовска од Секторот за анализа на политиките и координација и Билјана Николовска Жагар-Кабинет на заменикот на претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество го утврди следниов:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

- Усвојување на Записникот од Втората седница на Советот, одржана на 8.5.2025 година

1. Предлог-Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2025-2028
2. Прашања што треба да се уредат со Деловникот за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество
3. Номинирање на еден претставник на граѓанското општество во Секторската комисија за уметност, по Јавен повик бр.33-11/1 објавен на 13.5.2025 година
4. Реакција на кандидатот од Здружението Транспаренски Интернешнл-Македонија на постапката за избор на член и заменик член во Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата
5. Прашања и предлози

*

*        *

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество едногласно и без забелешки го усвои Записникот од Втората седница, одржана на 8.5.2025 година.

*

*        *

**<u>Точка 1</u>**

Сузана Никодијевиќ-Филиповска ги информираше членовите на Советот за спроведениот консултативен процес со граѓанските организации за Предлог-Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество со Акциски план 2025-2028, преку објава на Единствениот национален електронски регистар на прописи ЕНЕР (14.5 – 12.6.2025 година) и организирани две јавни расправи со поддршка на проектот „ЕУ поддршка за Граѓанскиот ресурсен центар – втора фаза" финансиран од Европската Унија. (online на 23.5.2025 година и во просториите на ГРЦ Скопје на 13.6.2025 година). Најголем дел од укажувањата на учесниците на овие јавни расправи се интегрирани во текстот на Предлог-Стратегијата и Акцискиот план (мерката Унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации е поместена на почетокот на посебната цел 1.2, со цел да се потенцира незиното значење; во делот на анализа на состојбата/учество на граѓанските организации во процесите на креирање и следење на јавните политики, се афирмираат постојните механизми, како што се секторските работни групи; дополнет е делот 6. Рамка за следење известување и оценување, во смисла дека согласно Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии, по усвојување на Стратегијата ќе се подготват Пасоши на показатели, поединечно за секој показател. Исто така, дополнет

е и Акцискиот план со неколку нови показатели, согласно предлозите од учесниците на јавната расправа и мислењето од Министерството за социјална политика, демографија и млади. Министерство за правда, Министерство за односи меѓу заедниците, Министерство за економија и труд, Министерство за јавна администрација и Министерство за дигитална трансформација имаат доставено позитивно мислење.

Никица Кусиникова препорача во Акцискиот план активноста 1.2.3.2 да гласи „Воспоставување Регистар на приматели на донации и спонзорства за активности од јавен интерес", а во текстот на Стратегијата, во делот на анализа на состојбата да се спомене негативното влијание од намалувањето на донаторската поддршка поради прекинување на проектите на граѓанските организации финансирани од УСАИД.

Драгица Вучковиќ, искажа позитивно мислење по текст на Стратегијата и Акцискиот план и како учесник на јавната расправа одржана на 13.6.2025 година оцени дека предлозите од граѓанските организации се соодветно инкорпорирани.

Валентина Величковска информираше за поддршката на Граѓанскиот ресурсен центар на консултативниот процес и дека повеќето од предлозите на граѓанските организации се прифатени. Позитивно ги оцени приоритетите и мерките содржани во Стратегијата и Акцискиот план и укажа на важноста на процесот на следење на нивното спроведување, преку подготовка на пасоши на показатели во консултации со граѓанските организации и во соработка со Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество ја разгледа Предлог-Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2025-2028 и утврди позитивно мислење.

2. Се укажува на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата пасошите на показатели да ги подготви во консултации со граѓанските организации и во соработка со Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

<u>Точка 2</u>

Никица Кусиникова информираше дека пред почетокот на седницата на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество се одржа координативен состанок на Работната група за изработка на измени на Деловникот за работа на Советот, на кој беа идентификувани следните прашања што треба да се уредат:

- Правно-техничко усогласување на Деловникот со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество (број на членови, називи на министерства и сл.),
- Исти права и обврски на замениците членови со членовите на Советот во случај на нивно отсуство или спреченост за работа (гласање, предлагање теми за дискусија и сл.),
- Информирање и консултирање на граѓанските организации (да се разгледаат Плановите за комуникација на кандидатите од Јавниот повик за избор на членови на Советот),

- Начин на работа / алатки за делување на Советот (мислења до Владата и органите на државна управа, информации за актуелни состојби за разгледување на седница на Владата, извештај за работа на Советот и сл.),
- Избор на претставници на граѓански организации во советодавни и работни тела,
- Електронско гласање и др.

Се очекува за седницата на Советот што ќе се одржи во септември 2025 година да биде подготвен предлог текст на Деловник за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и Програма за работа на Советот 2025/2026.

## Точка 3

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество констатираше дека по Јавниот повик за учество на еден претставник на граѓанското општество во Секторската комисија за уметност, бр.33-11/1 објавен на www.nvosorabotka.gov.mk на 13.5.2025 година, пристигнати се две пријави на организации со кандидати, за кои Одделението за соработка со невладини организации изврши административна проверка. Пријавата на Здружението за уметност и култура СИЛИНДАРТ Гостивар е со некомплетна документација (не е доставена копија од Тековна состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на организацијата), а од проверката на веб страницата на Централниот регистар на РСМ, во делот Отворени податоци/Листа на граѓански организации, здружението е со статус Неактивен. Согласно условите утврдени во јавниот повик Советот заклучи оваа пријава да не ја разгледува.

По спроведена постапка на јавно гласање, со 17 гласа „за“, од кои 10 гласа од членовите од редот на граѓанските организации, ниту еден глас „против“ или „воздржан“, за член на Секторската комисија за уметност се избра д-р Јана Манева Чупоска од ДЛУМ-Друштво на ликовни уметници на Македонија, Скопје.

Во дискусијата по оваа точка од дневниот ред, дали неактивните организации можат да ги застапуваат интересите на конституентите во одредена областа, Дарко Аврамовски, Маја Атанасова, Валентина Величковска и Андреј Сених, препорачаа во иднина при објавување на ваков вид јавни повици, како услов да се предвид граѓанските организации да бидат со статус „Активен“.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество ја номинира д-р Јана Манева Чупоска од Здружение за афирмација на ликовните уметници и ликовниот живот и збогатување на ликовната култура ДЛУМ-Друштво на ликовни уметници на Македонија, Скопје, за член во Секторската комисија за уметност.

2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата, во иднина, во јавните повици за избор на претставници на граѓански организации во советодавни и работни тела на Владата и органите на државна управа, како услов да се предвиди граѓанските организации да се статус „Активен“, согласно податоците од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

## Точка 4

Во дискусијата во врска со реакција на Благоја Пандовски од Здружението Транспаренски Интернешнл-Македонија на постапката за избор на член и заменик член во Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата, Дарко Аврамовски и Маја Атанасова го искажаа своето мислење дека Советот не треба да отвора прашање за поништување на донесени одлуки врз основа на лично незадоволство од исходот, бидејќи тоа би создало преседан кој би можел да се користи при секој иден избор, особено додека не се усвои прецизна процедура во Деловникот за работа на Советот. Дарко Аврамовски потенцираше дека одлуката за избор на член и заменик член во Меѓуресорското тело беше донесена едногласно од сите членови на Советот присутни на седницата одржана на 8.5.2025 година. Предлогот што го изнесе членот на Советот од Министерството за правда, кога само двајца кандидати ги исполнуваа условите од Јавниот повик, беше само предлог, кој потоа беше ставен на јавно гласање. Ниту еден член на Советот не предложи алтернативна постапка, ниту приговараше на предлогот. Пристапот да се гласа „во блок" не е контроверзен, напротив може да спречи ситуација во која еден кандидат би ги добил сите гласови, а другиот кандидат сепак би требало да биде назначен за заменик член со 0 гласови. Тврдењата за „оштетување", „фаворизирање" или „кривично-правни елементи" се целосно неосновани и штетни за работата на Советот. Логиката според која заменичкото место се смета за „оштетување", а изборот за член за „наградување" ја девалвира улогата на замениците во сите тела, вклучително и самиот Совет.

Бојана Босилкова, по консултации во Министерството за правда, како секретаријат на Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата, информираше дека доколку Советот така одлучи, членот и заменикот член би можеле истовремено да присуствуваат на седниците на Меѓуресорското тело. Деловникот за работа на Советот треба да се дополни во делот на постапката за избор на членови во советодавни и работни тела, а гласањето подетално да биде опишана во записникот од седниците на Советот.

Маја Атанасова оцени дека Советот е тело кое настапува заеднички и нема потреба од детални записници за текот на дискусијата по одделните точки од дневниот ред, но може да се размисли делот од седниците кога се разгледуваат предлози за избор на членови во советодавни и работни тела да бидат јавни, односно пријавените кандидати да имаат можност да присуствуваат.

Моника Илиоска Кантарџиоска препорача Советот да користи електронско гласање при избор на претставници на граѓански организации во советодавни и работни тела.

Елизабета Поп-Ангелова и Андреј Сених оценија дека дискусијата на седница на Советот при избор на претставници на граѓански организации во советодавни и работни тела е неопходна, но нема потреба тоа детално да се пренесува во записникот, освен во случај на издвоено мислење.

**Заклучок:**

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество ја разгледа Реакцијата на кандидатот од Здружението Транспаренски Интернешнл-Македонија на постапката за избор на член и заменик член во Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата и заклучи дека не постојат оправдани причини за измена на заклучоците по точка 1 од Втората седница на Советот, одржана на 8.5.2025 година, ниту за повторување на постапката за избор на член и заменик член во Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата.

**Точка 5**

Валентина Величковска информираше за предизвиците со кои се соочуваат граѓанските организации поради времетраењето на постапката за регистрација на проектите во ЦДАД базата на Министерството за европски прашања, со цел ослободување од ДДВ. Од податоците добиени од 14 граѓански организации грантисти на Граѓанскиот ресурсен центар чии проекти се со временска рамка од 9 месеци, сите доставиле барање до министерството во декември 2024/јануари 2025 година, постапката за регистрација траела од 2 до 4 месеци. Моника Илиоска Кантарџиоска информираше дека Коалиција СЕГА имала поднесено барање за регистрација на продолжување на проект на 15.9.2024 година, решението било издадено на 30.1.2025 година, а проектот завршувал на 31.1.2025 година. Ахмет Јашаровски информираше дека покрај должината на оваа постапка, дополнително оптоварување е што организациите од Куманово барањата за добивање решение од УЈП за ослободување од ДДВ за проектот треба да ги поднесат во канцеларијата во Штип. Даница Насова Иванова укажа дека Министерство за европски прашања во последните 3 – 4 месеци презема активности за подобрување на системот на регистрација на проектите.

Никица Кусиникова информираше за реализирани состаноци и средби во изминатиот период како претседателка на Советот: со претставници на Амбасадата на Франција (прв советник и аташе за соработка) кои искажаа интерес за соработка и може да бидат поканети на некоја од наредните седници на Советот; со Светлана Ѓукиќ, нов тим лидер на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“, финансиран од Европската унија; со Срѓан Мајсторовиќ, експерт на проектот СУПРАЕ за поддршка на Министерството за европски прашања во ЕУ интегративниот процес, на кој се разговараше за моделот за вклучување на граѓанските организации и бизнис заедницата во пристапните преговори; со директорот и дел од тимот на Управата за финансиско разузнавање, за високите тарифи на Централен регистар на РСМ за регистрирање на вистински сопственици.

Андреј Сених информираше дека со Валентина Величковска подготвуваат и за наредната седница на Советот ќе достават извештај за нивното учество во Комисијата за евалуација на проектите од јавниот повик за финансиска поддршка на здруженија и фондации од буџетот на Министерството за односи меѓу заедниците.

Драгица Вучковиќ информираше дека како претставник на Советот во областа Заштита на животната средина, учествувала на конференција за проблемите со депонијата во Битола, на која учествувале и градоначалниците на Битола, Прилеп и Новаци.

Седницата заврши во 12:00 часот.

Претседателка на Советот за соработка
меѓу Владата и граѓанското општество

Никица Кусиникова

ДОСТАВЕНО ДО:

- Лидија Најдова-Нplatformевска и Гоце Стоиловски- Министерство за внатрешни работи
- Бојана Босилкова и Александра Цветановска - Министерство за правда
- Суеда Бајрами и Егзона Локи - Министерство за односи меѓу заедниците
- Даница Насова Иванова и Флутура Лазами - Министерство за европски прашања
- Ангелина Јакимовска и Оливера Маркоска Ивановски - Министерство за финансии
- Елизабета Поп-Ангелова и Бети Попова - Министерство за економија и труд
- Бесник Бајрами Јелена Арсова - Министерство за здравство
- Весна Виќњевиќ и Александра Анчева - Министерство за образование и наука
- Шпреса Саиди и Александра Крстеска Ангеловска - Министерство за социјална политика, демографија и млади
- Стефан Вангелски и Александра Куновска - Министерство за локална самоуправа
- Снежана Ристовска Ирина Димовска - Министерство за култура и туризам
- Оливера Јакшиќ Транталовска и Марјан Патлиџанковски- Министерство за дигитална трансформација
- Лендита Дика и Мисрете Едипи - Министерство за животна средина и просторно планирање
- Валентина Величковска и Дарко Димов - Македонски центар за меѓународна соработка Скопје
- Дарко Аврамовски и Лејла Тутиќ - Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење" Скопје
- Маја Атанасова и Бојана Божиновска Силјановска - Македонско здружение на млади правници-МЗМП Скопје
- Симонида Кацарска и Беба Жагар - Институт за европска политика Скопје
- Никица Кусиникова и Виктор Мирчевски - Здружение Конект Скопје
- Моника Илиоска Кантарџиоска и Томислав Гајтаноски - Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп
- Сузана Стојановска и Ирена Лозана- Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со даунов синдром Дневен центар Доза Среќа Скопје
- Асиб Зекир и Мартина Иљаз – Здружение Иницијатива за економски развој на Ромите РЕДИ Скопје
- Теа Зографска и Мартина Станковиќ - Сојуз-Национален совет за родова рамноправност Скопје
- Елизабета Божиноска- ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје и Андреј Сених, Здружение за поддршка на луѓето кои живеат со ХИВ- Заедно посилни, Скопје
- Емилиа Ѓероска и Рубин Николоски - Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал Битола
- Зоран Димов- Здружение Ромски Деловен Информативен Центар на Македонија- ЗРДИЦМ Скопје и Ахмет Јашаровски – Центар за ромска заедница ДРОМ Куманово
- Бардил Јашари и Данче Даниловска Бајдевска - Фондација за интернет и општество Метаморфозис Скопје
- Драгица Вучковиќ и Милорад Вучковиќ - Здружение за заштита на околината и дрвото Екодрводекор Битола